Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр 5/02 ), Програмата за социјална заштита за 2025 година донесена од Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр. 19/25 од 31.12.2025), Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за вршење на јавни работи и работно ангажирање на:

- **18 лица невработени ниско квалификувани и со средно образование** кои ќе бидат ангажирани за средување на зелените и јавни површини во градот и руралните средини, средување на речното корито на реката Драгор, средување на Золошката градина, помош при други градежни зафати во делот на инфраструктурата.

Работното ангажирање ќе биде за период од **6 месеци април – септември,** во работни денови, понеделник – петок, со ангажман од по 7 работни часа на ден, за што на лицата ќе биде исплатен месечен надоместок во износ од **20.000,00 денари нето износ**. Во износот се пресметани покрај надоместокот за извршената работа во тековниот месец и трошоците за превоз од местото на вршење на работите како и надоместокот за исхрана.

**Кандидатите треба да достават барање и копија од документ за идентификација (лична карта)**.

Заинтересираните кандидати да се јават во период од 7 работни денови од денот на објавување на огласот, заклучно со 19.03.2026 год.

Бараните документи можат да се достават во просториите на Општина Битола ул. „Булевар 1 Мај“ бр.61 на шалтер бр 1.

Бр. 08-345/1
11.03.2026

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА